Бр./Nr 12-215/1
13-03-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1612/1 од 27.05.2025 година, со наводи за сомневања за незаконитости во спроведување на постапка за јавна набавка, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1612/1 од 27.05.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи по член 45 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/2021 и 14/2025), Бирото за јавни набавки на РСМ (во понатамошниот текст: Бирото) достави Известување во кое се содржани сомневања за неправилности во постапката за јавна набавка, број на оглас ----/2025, за набавка на стоки – -------, по што е оформен предмет број 12-1612/1 од 27.05.2025 година.

До Бирото е доставено анонимно известување, кое се однесува на сомневања за сторени неправилности при спроведувањето на постапката за јавна набавка со оглас број -----/2025, од страна на договорниот орган -------, ------ Скопје, по што, Бирото постапувајќи по наводите содржани во истото, обезбедило произнесување

за спроведената постапка од договорниот орган и истото согласно член 45 од Законот за јавните набавки го доставува до ДКСК заради надлежно постапување и утврдување на фактичката состојба во врска со наводите.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК побара од Бирото за јавни набавки да овозможи електронски пристап до целокупната документација за спроведената постапка по јавна набавка со број -----/2025.

Од увидот во документацијата од постапката, а во однос на наводите од пријавата, се констатира дека по претходно спроведените фази од постапката, Комисијата за јавна набавка изготвила Извештај за спроведената постапка со број ----- од 28.03.2025 година. Во извештајот е даден предлог за избор на најповолна понуда со цел склучување на рамковна спогодба во времетраење од две години, по што е донесена Одлука бр.----- од 28.03.2025 година за избор на најповолен понудувач за јавна набавка на ------ во отворена постапка со бр.----- од 28.03.2025 година, со која понудата на економскиот оператор ------- била избрана за најповолна. По донесената Одлука за избор, испратени се известувања до понудувачите за исходот на постапката.

Во предлогот од комисијата за јавни набавки за поништување на постапката бр. ------/1 од 10.04.2025 година, меѓу останатото се наведува дека во периодот на мирување, согласно член 115 од Законот за јавни набавки комисијата констатирала битен пропуст при евалуирање на понудата на понудувачот ---------, од -----, односно дека, сите документи кои ги изготвил понудувачот биле електронски потпишани со дигитален сертификат на одговорното лице во својство на физичко лице, кое не се однесува на правното лице кое го застапува и во чие име ги потпишува актите.
Понатаму, Комисијата образложува дека целокупната документација потребно е да биде потпишана со валиден дигитален сертификат, кој задолжително треба да биде квалификуван дигитален сертификат издаден од регистриран издавач на сертификати за професионална употреба, односно да биде личен (на име на потписникот) и да му е издаден на правното лице, економски оператор, подносител на понудата.
Поради ова, Комисијата констатирала дека првоподнесената понуда е неприфатлива, односно дека понудата не е поднесена согласно член 2 став 1 точка 11, член 105 став 1, член 109 став 4 и член 109 став 6 од Законот за јавни набавки. Комисијата за јавни набавки повторно ги разгледала цените на второрангираниот

понудувач - ------- од ----- по што утврдила дека понудената вредност е повисока од пазарната вредност на средствата предмет на набавката и дала предлог за поништување на постапката согласно член 114 став 1 алинеја 4 – понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот, а донесената Одлука за избор на најповолен понудувач бр.----- од 28.03.2025 година да се стави вон сила и да се донесе Одлука за поништување на постапката.
Врз основа на ова, Управителот на ------ Скопје во својство на одговорно лице на договорниот орган донел Одлука со број ------ од 10.04.2025 година со која постапката со број -----/2025 се поништува.

Видно од обезбедената документација од досието на постапката, понудата на понудувачот --------, како и придружната документација, не може да се утврди дека дигиталниот сертификат со кој се потпишани истите му е издаден на правното лице, економски оператор, подносител на понудата. Од увид во јавно достапните информации на веб страната на ДКЖЈН, како и од досието на постапката, Државната комисија утврди дека за предметната постапка не е поднесена жалба.

Од горенаведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што договорниот орган по утврдувањето на пропустот при спроведувањето на постапката, донел Одлука за поништување на истата, односно не бил склучен договор со ниту еден економски оператор.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата